Општина Крива Паланка

# НАЦРТ Б – интегрирана еколошка дозвола

Име на компанијата:

**Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка**

Адреса:

**Нас. Грамаѓе, бб**

Поштенски број и град:

**1330 Крива Паланка**

Број на дозвола:

**УП 29-1011**

# СОДРЖИНА

**Вовед** .......... 3
**Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола** .......... 3
**Комуникација** .......... 7
**Доверливост** .......... 7
**Промени во дозволата** .......... 7
**Пренос на дозволата** .......... 7
**Одземање и престанок на дозволата** .......... 7
**Престанок на работа на инсталацијата** .......... 8
**Преглед на барани и доставени документи** .......... 9
**Дозвола** .......... 10
**Услови** .......... 11
1. Инсталација за која се издава дозвола .......... 11
2. Работа на инсталацијата .......... 14
2.1. Техники на управување и контрола .......... 14
2.2. Суровини (вклучувајќи и вода) .......... 15
2.3. Ракување и складирање на отпадот .......... 16
2.4. Преработка и одлагање на отпадот .......... 17
2.5. Спречување и контрола на хаварии .......... 18
2.6. Мониторинг .......... 19
2.7. Престанок со работа .......... 20
2.8. Инсталации со повеќе оператори .......... 20
3. Документација .......... 21
4. Редовни извештаи .......... 23
5. Известувања .......... 24
6. Емисии .......... 25
6.1. Емисии во воздух .......... 25
6.2. Емисии во почва .......... 27
6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) .......... 27
6.4. Емисии во канализација .......... 27
6.5. Емисии на топлина .......... 27
6.6. Емисии на бучава и вибрации .......... 27
7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води .......... 29
8. Програма за подобрување .......... 30
9. Договор за промени во пишана форма .......... 31
**Додаток 1** .......... 32
**Додаток 2** .......... 33

# Вовед

**Овие воведни белешки не се дел од дозволата**

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временскиот распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ( “Службен весник на Република Македонија “ бр. 89/05), до одобреното ниво во дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

Фабриката за преработка на глина и минерални суровини „Универзал – С“ ДОО Крива Паланка е лоцирана во индустриската зона, (N - 42°11`30,65``, E - 22°18`27,04``), јужно од градот Крива Паланка и тоа на растојание од околу 2 км од центарот на градот. Од источната страна, односно влезната страна на инсталацијата се наоѓа Автоперална и магистралниот пат „М-2“ Скопје – Крива Паланка. Од северната страна фабриката граничи со Центар за возила Крива Паланка. Од западната страна на оддалеченост од околу 300 метри се протега Крива Река, додека од јужната страна на одалеченост од 50 метри објектот граничи со индивидуални куќи.

Погонот за преработка на глина и други минерални суровини е организиран на плац со површина од 7.248 м$^2$. Просторот е осветлен и ограден.

Производниот процес се одвива во две технолошки линии:

- **Технолошка линија** за изработка на огноотпорни заптивни тули; и
- **Технолошка линија** за преработка на глина и други минерални суровини.

Технолошката линија за производство на готов производ - огноотпорни тули за заптивање е со проектиран капацитет од 3 т/ч. Огноотпорните тули не се печат туку механички се обликуваат и се пакуваат. За добивање на овој производ се користат следниве основни суровини:

- Бентонит.......................................................................................................15%;
- Песок............................................................................................................60%;
- Меласа..........................................................................................................15%;
- Мазут............................................................................................................10%.

Суровините за производство (бентонит, песок и меласа) се складираат на плацот од инсталацијата на простор одреден за складирање. Дотурот на суровините се врши со камион – кипер и со цистерна.

**Бентонитот** кој се користи во производството на огноотпорни тули се складира во складишен простор во дворот на инсталацијата и истиот се додава во електронска вага преку транспортна вреќа. Оваа суровина се набавува согласно Дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитет „Крива Круша“, општина

Ранковце, како и согласно Дозвола за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина на локалитет „Ранковце“, општина Ранковце, двете издадени од Министерството за економија на Република Северна Македонија.

**Песокот** се складира во складишен простор во дворот на инсталацијата и истиот се додава во електронска вага преку транспортна вреќа. Песокот се набавува од Република Србија.

**Меласата** се складира во вкопана ПВЦ цистерна од 40 тони и се преточува во ПВЦ цистерна од 1 тон од која се полни дневниот резервоар за меласа кој е 2 тони и преку истиот се носи до електронска вага. Меласата се набавува од Република Србија.

**Мазутот** се складира во цистерна од 10 тони, обезбедан со танквана. На цистерната има инсталирано пумпа за дотур во дневен резервоар од 1 тони, а потоа се испушта во електронска вага.

Откако ќе се наполни со доза од 250 кг, електронската вага материјалите ги дозира во електрична мешалка во која се мешаат суровините, а потоа со транспортна лента се транспортираат во ваакум пресата која материјалот сеуште го меша и го прави во форма на тула и потоа секоја тула посебно се пакува во најлон ќеса од 5 кг. Потоа тулите се пакуваат во најлонска вреќа од 20 килограми. Овие вреќи се ставаат на палета од 1000 до 1200 килограми и се обвиткуваат со стреч фолија.

Технолошката линија за преработка на глина и други минерални суровини се користи за производство на ситно дробен бентонит со капацитет од 15.000 т/год.

Во оваа технолошка линија се користат следниве суровини:

- Бентонит..........................................................................................15.000 т/год;
- Нафта...............................................................................................80-120 л/час;
- Мазут...............................................................................................80-120 л/час.

Бентонитот се складира на просторот предвиден за складирање на истиот од каде машински се става на прифатен кош од додавачот и се врши дозирање. Од додавачот со капацитет од 6 т/час, материјалот паѓа на транспортна лента на која е поставен магнетен сепаратор и се транспортира во мелница на мокро мелење и дробење - колергам. Измелениот и издробен материјал со транспортна лента се носи во валчеста дробилка каде се врши дополнително дробење и хомогенизирање. Потоа преку три транспортни ленти се транспортира во ротациона тунелска сушара. За ротирање на сушарата се користи електромотор со моќност 12.5 kW. За загревање на сушарата се користи нафта или мазут. Нафтата од резервоар лоциран во близина на сушарата се дозира на бренерот од сушарата – WEISHAUPT тип LJZ-27 додека мазутот се транспортира од 10 тонски резервоар во дневен резорвоар од 3 тони кој се наоѓа во непосредна близина на горилникот на сушарата.

Сушарата е снабдена со вентилатор на влез и вентилатор на излез. Сушарата има вграден систем за отпрашување кој се состои од два циклони. Материјалот од сушарата се сепарира и зависно од тежината и до сса 99% паѓа и се транспортира со полжаст транспортер и кофичест елеватор во прифатен кош – бункер за бентонит.

Останатата количина од прашкаст материјал од сса 1% се сепарира со поминување низ два циклони. Одвоениот материјал од циклоните преку полжаст транспортер се внесува во прифатен кош – бункер за бентонит. Со помош на вентилаторот на излез пречистениот воздух од циклоните преку оџак се испушта во атмосферата.

Од бункерот за бентонит, материјалот преку полжавест транспортер се транспортира во дробилката – чекичар и со капацитет од 1-3 т/час, каде материјалот се ситни. Материјалот од дробилката со гранулација 1-3 мм со полжавест транспортер се транспортира во мелница со челични кугли каде се ситни до микронска гранулација. Потоа микронската прашина со гранулација до 200μ се транспортира во воздушен статички сепаратор (каде се врши квалификација на материјалот. Покрупниот материјал од 100μ преку полжавести транспортери се враќа на домелување во кугличната мелница (од каде повторно се враќа во сепараторот. Материјалот со гранулација од 20 – 100μ, односно готовиот производ се транспортира во циклон. Во циклонот 90% од материјалот се сепарира – паѓа на полжавест транспортер и се транспортира во силос за готови производи. Останатите 10% материјал со гранулација од 0-20μ, се сепарираат во комора за отпрашување, односно во врекест филтер со капацитет од 20.000 м$^3$. Филтерот се состои од 144 филтер вреќи за зафаќање на прашкастиот материјал. Овој материјал исто преку дозатори и полжавестиот транспортер и двокрак пренасочувач се транспортира во силос за готов производ.

Од силосите материјалот оди во машина за пакување со вага каде се полни во вреќи од 20-40 кг. Врекест филтер за отстранување на прашината во тек на пакувањето поставен е и кај машината за пакување.

Системот за отпрашување во првата технолошка линија за производство на огноотпорни тули за заптивање и во втората технлошка линија за производство на ситно дробен бентонит со димензии 0-20μ и 20-100μ, за отстранување на прашината во производниот процес има вграден систем на воздушно отпрашување. Истото се состои од два циклонски системи и три системи на врекасти филтри за отпрашување, вентилатори и компресор за тресење на филтер вреќи тип АТЛАС КОПКО.

Врекестите филтри се состојат од комори за поставување на вреќите и се поврзани со електро вентили кои во одредени временски интервали на принцип на удар (со компримиран воздух) вршат истресување на слепените честички врз филтер вреќите.

За тресење на вреќите се користи компримиран воздух под притисок од 8,5 бари од компресорот, тип АТЛАС КОПКО, со капацитет 20 м$^3$. Се користи и дувалка со капацитет 11,5 м$^3$/мин и снага од 15 kW.

**Оваа Б – интегрирана еколошка дозвола се издава како резултат на поднесено барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола со бр. УП 29-483 од 09.11.2015 година).**

| Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| „Универзал – С“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка (Б – интегрирана еколошка дозвола) | УП 29-483 | 09.11.2015 година |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | / | / |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина ( во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса **ул. „Св. Јоаким Осоговски“ бр. 175, Крива Паланка.**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55  став (2) точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија “ бр. 112/14 и 42/16).

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 од Законот за животната средина и во согласност со Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

## Одземање и престанок на дозволата

Оваа Дозвола се одзема доколку  се исполни само еден од условите за одземање утврдени со Законот за животната средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

## Престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува Надлежниот орган за намерата за престанок на работа на инсталацијата и е должен да му предложи план со мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата, согласно член 120 од Законот за животната средина.

## Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола, **бр. УП 29-1011** | **17.11.2021** | |
| Известување, **бр. УП 29-1011** | **26.11.2021** | Известување за посета на локацијата, заради утврдување на состојбата |
| Записник од извршен увид, **бр. УП 29-1011** | **02.12.2021** | Извршен е увид во инсталацијата од страна на Надлежениот орган |
| Објавување на барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола, **бр. УП 29-1011** | **03.12.2021** | Барањето е објавено во дневен весник Нова Македонија на ден 07.12.2021 година и на веб страницата на Општина Крива Паланка |
| Известување за надоместок за поднесување на барање, **бр. УП 29-1011** | **09.12.2021** | Надоместокот е платен |
| Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола, **бр. УП 29-1011** | **10.01.2022** | Изготвена е Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола |

Дозвола
Закон за животна средина

# Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола

## Бр. УП 29-1011

Општина Крива Паланка во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија “ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), го овластува:

**Заштитно друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО увоз-извоз Крива Паланка**

со регистрирано седиште на
Адреса**: Населба Грамаѓе , бб**
Поштенски број, Град: **1330, Крива Паланка**
Држава: **Република Северна Македонија**

**Број на регистрација на компанијата: 5121221**

да раководи со Инсталацијата:

**Фабрика за преработка на глина и минерални суровини „УНИВЕРЗАЛ – С“ ДОО**

Адреса: **Населба Грамаѓе , бб**
Општина: **Крива Паланка**
Поштенски број, Град: **1330 Крива Паланка**

во рамките на дозволата и условите во неа.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

**Датум**

**10.01.2022**

# Услови

## 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1. Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.

| Табела 1.1 | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 2 од УРЕДБАТА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временскиот распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** | **Опис на наведената активност** | **Граница на наведената активност** |
| **Прилог 2**<br>**3. Индустрија на минерали**<br>**3.2.** Индустрија на минерали – Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини<br>**3.6.** Индустрија на минерали – Инсталации за производство на керамички производи со печење пред се ќерамиди, тули, огноотпорни тули, плочки, каменина или порцелаин, со производствен капацитет од 5 т/ден до 75 т/ден. | - Производство на ситно дробен бентонит<br><br>- Изработка на огноотпорни заптивни тули ( само механичко обликување, без печење) | Капацитет – 15.000 т/год<br><br>Капацитет – 3 т/час |

1.2. Активностите овластени во условите 1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во Табела 1.2

| Табела 1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (бр. УП 29-1011) | N - 42°11`30,65``,<br>E - 22°18`27,04`` |




1.3. Операторот на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени со оваа дозвола.

1.4. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола.

1.5. Операторот е должен да плаќа Годишен надоместок за поседување на Б – интегрирана еколошка дозвола, како и 10 % од годишниот надоместок за инспекциски надзор. Неплаќањето на надоместокот претставува услов за одземање на дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.6. Оваа Дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето, согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија “ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и ништо од оваа дозвола не го ослободува операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од други закони и подзаконски акти.

1.7. Операторот ќе ја реализира предложената Програма за подобрување во наведените рокови.

1.8. Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, операторот најитно ќе изврши испитување на почвата, подземните и површинските води за проверка на евентуално загадување.

1.9. Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани:

- начинот и операциите за складирање на отпадот;
- постапка за работа;
- постапки за итни случаеви;
- план за заштита од пожари.

1.10. Оваа дозвола е со важност од 7 (седум) години, сметајќи од денот на издавање на истата, по што Надлежниот орган ги проверува условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите ги променува.

1.11. Операторот на инсталацијата е должен 1 (една) година пред истекот на рокот на важност на дозволата да поднесе барање до Надлежниот орган за обновување на дозволата.

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1. Техники на управување и контрола

2.1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата согласно со условите во дозволата ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2. Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со условите во дозволата.

2.1.3. Назначеното лице одговорно за прашањата во врска со животната средина ќе биде целосно запознаено со условите во дозволата како и за исполнувањето на мерките утврдени со Програмата за подобрување во состав на оваа дозвола. Операторот писмено ќе го извести Надлежниот орган за евентулна промена на лицето одговорно за прашањата за животна средина.

2.1.4. Операторот при управување со инсталацијата во континуитет ќе води грижа за намалување на негативното влијание врз животната средина.

2.1.5. Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со инсталацијата за која се издава дозволата ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.6. Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние услови од дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел подобрување на извршувањето на нивните обврски.

2.1.7. Операторот ќе достави копија од оваа дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа дозвола.

2.1.8. Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.9. Сите места на кои ќе се врши складирање на суровини и отпад треба да бидат соодветно означени, заштитени и одржувани.

## 2.2. Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1. Операторот, согласно условите од дозволата ќе користи суровини ( вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| **Табела 2.2.1: Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Бентонитска глина | Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (УП 29-1011) | 17.11.2021 година |
| Меласа | | |
| Нафта | | |
| Мазут | | |
| Масти и масла | | |
| Електрична енергија | | |
| Вода | | |
| Песок | | |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.3. Суровините треба да се чуваат на места и начин што ќе спречува нивно истурање и истекување.

2.2.4. Сите суровини јасно ќе бидат означени за да се знае нивната содржина.

2.2.5. Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.

2.2.6. Операторот поседува Дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот “КРИВА КРУША“ општина Ранковце и Дозвола за експлоатација на минерална суровина – глина на локалитетот “РАНКОВЦЕ“ општина Ранковце, издадени од Министерството за економија на Република Северна Македонија.

2.2.7. Операторот ќе се грижи за интегритетот на резервоарите за нафта и мазут и водонепропустливоста на тankваните. Тој ќе превземе итни и неодложни мерки при евентуални негативни влијанија и непредвидени истекувања. Доколку се работи за истекување, неодложно ќе го извести Надлежниот орган.

## 2.3. Ракување и складирање на отпадот

2.3.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1: Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Цврст и течен отпад (Поглавје V) | Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (УП 29-1011) | 17.11.2021 година |

| Табела 2.3.2:Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Комунален отпад | Во кругот на инсталацијата | Се собира во канти | Во канти до превземање од овластен постапувач |
| Пакување од хартија и пакување од пластика | Во кругот на инсталацијата | Се собира во канти | Во канти до превземање од овластен постапувач |
| Отпадни масла од механизација | Во кругот на инсталацијата | Се собира во посебни буриња | Во посебни буриња до предавање на овластен постапувач |
| Пакување што содржи остатоци или е загадено со опасни супстанции, како и апсорбенти, крпи за бришење, материјали од филтри и заштитна облека загадени со опасни супстанци | Во кругот на инсталацијата | Се собира во посебни буриња | Во посебни буриња до предавање на овластен постапувач |
| Отпадно железо | Во кругот на инсталацијата | Во дворот на фабриката | Во дворот на фабриката до предавање на овластен постапувач |
| Гуми од механизација | Во кругот на инсталацијата | Во дворот на фабриката | Во дворот на фабриката до предавање на овластен постапувач |
| Акумулатори, батерии | Во кругот на инсталацијата | Се чуваат во затворена просторија | Во затворена просторија до предавање на овластен постапувач |

2.3.2. Отпадот ќе се складира на места посебно определени за тоа и ќе биде соодветно заштитен од преливање и истекување на течности. Садовите и просториите каде ќе се складира отпадот јасно ќе бидат означени.

2.3.3. Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за рециклирање и одлагање ќе се транспортира само од страна на овластено лице на начин кој нема да има штетно влијание врз животната средина во согласност со националното законодавство.

2.3.4. Отпадот кој е наменет за транспортирање задолжително ќе биде спакуван и означен на соодветно пропишаниот начин со што ќе се обезбеди целосна заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2.3.5. Операторот секој вид на отпад соодветно ќе го одделува и нема да го меша при складирањето.

2.3.6. Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените правни лица за превземање на сите видови на отпад.

2.3.7. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во договорите за превземање на отпад.

2.3.8. Операторот нема да врши депонирање, горење или согорување на отпад.

2.3.9. Операторот е должен да води евиденција за отпадот во согласност со член 50 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21), која ќе биде достапна за инспекциски надзор од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. За предавање на било кој вид на отпад на овластени постапувачи, операторот е должен да поседува соодветен документ со кој се докажува предавањето на отпадот, идентификационен и транспортен фолмулар.

2.3.10. Операторот ќе изготви и реализира Програма за управување со отпад доколу во вршење на својата дејност во текот на една календарска година создава повеќе од 200 килограми опасен отпад или повеќе од 100 тони неопасен отпад, согласно член 27 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21).

## 2.4. Преработка и одлагање на отпад

2.4.1. Операторот согласно условите во Дозволата ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1 или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.4.1:Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Цврст и течен отпад (Поглавје V) | Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (УП 29-1011) | 17.11.2021 година |

2.4.2. Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

## 2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1. Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.5.1: Спречување и контрола на несакани дејствија** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Спречување, хаварии и регирање во итни случаи (Поглавје XIII) | Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (УП 29-1011) | 17.11.2021 година |

2.5.2. Во случај на несреќа Операторот треба да:

- го изолира изворот на било каква емисија;
- спроведе неодложна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегла од тоа;
- го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот;
- идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите;
- забележи датум и место на несреќа;
- го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти;
- превземе активности за санација.

2.5.3. Операторот е должен во случај на хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

- околностите во кои се случила хаваријата;
- присутните опасни супстанции за време и после хаваријата;
- податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата;
- превземените вонредни мерки.

2.5.4. Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира сите вработени лица.

2.5.5. Операторот ќе ги направи достапни до јавноста информациите за предвидените мерки и активности за безбедност, како и начинот на постапување во случај на хаварија.

2.5.6. Операторот ќе достави предлог до Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од несреќата или како што е одобрено од страна на Надлежниот орган. Предлогот треба да има за цел да:

- идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата;
- идентификува и постави било какви други активности за санација.

## 2.6. Мониторинг

2.6.1. Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1:Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Точки на мониторинг на емисии и земање примероци (Поглавје XI) | Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (УП 29-1011) | 17.11.2021 година |

2.6.2. Операторот ќе обезбеди:

**а.** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци /мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во додатокот;и

**б.** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Земањето примероци и анализите ќе се изведуваат според пропишаните стандарди за анализа на примероците.

2.6.4. Мониторингот може да го врши било која овластена лабараторија која поседува акредитација издадена од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за мерење на параметрите наведени во Додаток 2 од оваа дозвола, во услови на полна оперативност на инсталацијата.

2.6.5. Фреквенцијата и обемот на мониторинг ќе се извршуваат како што е наведено во оваа дозвола.

## 2.7. Престанок со работа

2.7.1. Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во табела 2.7.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.7.1:Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите (Поглавје XIV) | Барање за обновување на Б – интегрирана еколошка дозвола (УП 29-1011) | 17.11.2021 година |

2.7.2. Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работа на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши согласно со член 120 од Законот за животната средина и член 14 од Правилникот за постапката за добивање на Б – интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија “ бр. 112/14 и 42/16).

## 2.8. Инсталации со повеќе оператори

2.8.1. Со инсталацијата за која се издава оваа дозвола управува само еден оператор;

2.8.2. Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.2. од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1. Документацијата ќе содржи податоци за:

**а.** секоја неисправност, дефект или престанок на работата на postројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;
**б.** целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2. Документацијата од 3.1.1. ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде достапен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4. Специфицираните и другите документи треба:

**а.** да бидат читливи;
**б.** да бидат направени што е можно побрзо;
**в.** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да ги приложат.

3.1.5. Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку 5 (пет) години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

**а.** составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;
**б.** најдобрата проценка на количината создаден отпад;
**в.** трасата на транспорт на отпадот за одлагање;
**г.** најдобрата проценка на количината на отпад испратен на преработка;
**д.** имињата на правните лица задолжени за транспорт на отпад, како и детали околу добиената дозвола за постапување со отпад;
**ѓ.** количината на отпад испратена надвор од локацијата за отстранување/рециклирање;

**е.** детали за крајната дестинација на одложување/ рециклирање на отпад и нејзината соодветност да го прифати упатениот отпад;

**ж.** документ за прифаќање и отстранување / преработка на отпад испратен надвор од локацијата;

**з.** количините и означување на типовите на отпад кои се рациклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад („Сл. Весник на Република Македонија “ бр. 100/05).

3.1.7. Операторот на инсталацијата за која што се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел и за истите ќе го извести Надлежниот орган.

3.1.8. Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на инспекциски органи ќе овозможи увид на :

**а.** дозволи поврзани со инсталацијата;

**б.** записи од сите анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната средина на инсталацијата;

**в.** целокупната писмена комуникација со Надлежниот орган.

3.1.9. Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1. Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите во Табела Д2 во Додаток 2:

**а.** во однос на наведените емисиони точки;
**б.** за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 ;
**в.** давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие табели;
**г.** извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 ќе се доставуваат до Надлежниот орган во рок од 14 дена од денот на извршениот мониторинг.

# 5 Известувања

5.1.1. Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

**а.** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција кој го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;
**б.** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;
**в.** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и
**г.** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2. Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

**а.** преманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата;
**б.** престанок на работата на дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолг од 1 (една) година; и
**в.** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава дозволата, по престанокот со известување според 5.1.2. (б).

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**а.** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрираната канцеларија;
**б.** промена на податоците за холдинг компанијата на Операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа) ; и
**в.** за активности кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

# 6 Емисии

## 6.1. Емисии во воздух

6.1.1. Емисиите во воздухот од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1 ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа табела.

| Табела 6.1.1: Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| А1 (емисиона точка од мелење) | Оџак бр.29 | N (42°11`30,4``)<br>E (22°18`26,1``) |
| А2(емисиона точка од сушење) | Оџак бр.17 | N (42°11`31,1``)<br>E (22°18`27,0``) |
| АА1 (ПМ$_{10}$ - Вкупна фугитивна емисија од инсталацијата) | Дворната површина на инсталацијата, просторот за складирање на бентонитот | N (42°11`29,6``)<br>E (22°18`26,1``) |

6.1.2. Емисиите и видовите на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи треба да бидат во согласност со граничните вредности пропишани во Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувалки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот („ Службен Весник на Република Македонија “ бр.141/10) и („ Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр.223/19).

6.1.3. Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2.1, Табела 6.1.2.2 и Табела 6.1.2.3 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.4. Временските периоди од 6.1.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.5. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2.1, Табела 6.1.2.2 и Табела 6.1.2.3, на точките на емисија и најмалку на фреквенциите наведени во тие табели.

| Табела 6.1.2.1: Граници на емисиите во воздух | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија:**<br>**А1 - Оџак бр. 29**<br>**N (42°11`30,4``) E (22°18`26,1``)** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **ГВЕ (гранични вредности на емисија)** | |
| Вкупна прашина во отпадниот гас или пареа | - 50 mg/m$^3$ при масен проток поголем од 0,5 kg/h<br>- 150 mg/m$^3$ при масен проток од 0,5 kg/h и понизок | Еднаш годишно |

| Табела 6.1.2.2: Граници на емисиите во воздух | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија:**<br>**А2 - Оџак бр. 17**<br>**N ( 42°11\`31,1\`\`), E (22°18\`27,0\`\`)** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **ГВЕ (гранични вредности на емисија)** | |
| Јаглерод моноксид (CO) | 175 mg/Nm$^3$ | Еднаш годишно |
| Азотни оксиди ($NO_x$) изразени како $NO_2$ | 350 mg/Nm$^3$ | Еднаш годишно |
| Чаден број | 1 | Еднаш годишно |
| Вкупна прашина во отпадниот гас или пареа | - 50 mg/m$^3$ при масен проток поголем од 0,5 kg/h<br>- 150 mg/m$^3$ при масен проток од 0,5 kg/h и понизок | Еднаш годишно |

| Табела 6.1.2.3: Граници на емисиите во воздух | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија:**<br>**АА1**<br>**N (42°11\`29,6\`\`) E (22°18\`26,1\`\`)** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **ГВЕ (гранични вредности на емисија) (µg/m$^3$)** | |
| $ПМ_{10}$ (Вкупна фугитивна емисија од инсталацијата) | 50 µg/m$^3$ | Еднаш годишно |

6.1.6. Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.7. Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.8. Емисиите не траба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се превземат за да се минимизира емисијата.

6.1.9. Операторот ќе врши редовно прскање на просторот за складирање на глината и песокот, како и дворната површина на инсталацијата, со цел намалување на фугитивната емисија во околната средина.

6.1.10. Опараторот да врши редовно чистење и менување на врећастите филтри на оџаците:
- А1 - Оџак бр. 29 (N 42°11\`30,4\`\` и E 22°18\`26,1\`\`); и
- А2 - Оџак бр. 17 (N 42°11\`31,1\`\` и E 22°18\`27,0\`\`).

## 6.2. Емисии во почва

6.2.1. Нема емисии во почва.

6.2.2. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.3. Емисии во вода (различна од емисиите во канализација)

6.3.1. Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има емисии во вода.

| Табела 6.3.1: Точка на емисија во вода | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Количество |
| **Нема емисии во вода** | | |

6.3.2. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во површински води

## 6.4. Емисии во канализација

6.4.1. Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има емисии на отпадна вода во канализација.

| Табела 6.4.1: Точка на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Количество |
| **Нема емисии на отпадна вода во канализација** | | |

## 6.5. Емисии на топлина

6.5.1. Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има емисии на топлина кои значајно ќе влијаат врз животната средина.

## 6.6. Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Емисиите на бучава од локацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство и тоа:

- Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен Весник на Република Македонија “ бр.01/09);
- Правилникот за локациите на мерни станици и мерни места („ Службен Весник на Република Македонија “ бр.120/08);

- Правилник за граничните вредности на нивото на бучава во животната средина („ Службен Весник на Република Македонија “ бр.147/08).

6.6.2. Инсталацијата се наоѓа во подрачје од III Степен (Табела 6.6.2)

| Табела 6.6.2: Дозволени емисии на бучава dB (A) | | | |
|---|---|---|---|
| | Lд | Lв | Lн |
| Подрачје од I степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од II степен | 55 | 55 | 45 |
| **Подрачје од III степен** | **60** | **60** | **55** |
| Подрачје од IV степен | 70 | 70 | 60 |

6.6.3. Емисиите на бучава во животната средина нема да ја надминат границата утврдена во Табела 6.6.3 надвор од границата на инсталацијата. Доколку измерените вредности на ниво на бучава бидат поголеми од дозволените гранични вредности, Операторот на инсталацијата ќе предвиди и ќе спроведе дополнителни мерки за намалување на нивото на бучава.

| **Табела 6.6.3: Граници на ниво на бучава во животната средина** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Параметри | Мерни места:<br>**НБ1** – N (42°11`30,3``) E (22°18`28,7``)<br>**НБ2** – N (42°11`31,4``) E (22°18`28,0``)<br>**НБ3** – N (42°11`29,6``) E (22°18`26,1``)<br>**НБ4** – N (42°11`28,9``) E (22°18`28,3``)<br>**НБ5** – N (42°11`29,2``) E (22°18`26,5``)<br>**НБ6** – N (42°11`28,9``) E (22°18`27,4``)<br>**НБ7** – N (42°11`30,7``) E (22°18`28,9``) | | | Фреквенција на мониторинг |
| Ниво на бучава | Lд (dBA) | Lв (dBA) | Lн (dBA) | Еднаш годишно |
| | 60 | 60 | 55 | |

6.6.4. Операторот ќе врши мониторинг на ниво на бучава на мерните места прикажани во Табела 6.6.3 и најмалку на фреквенциите наведени во таа Табела.

6.6.5. Мониторингот на нивото на бучава ќе се врши при полн обем на работа на инсталацијата.

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

7.1. Од инсталацијата за која се издава дозволата не се пренесува отпадна вода до пречистителна станица.

# 8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведува договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 8.1.1: Програма за подобрување | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| **8.1.** | **Изработка на термо фасада од стиропор**<br><br>Вредност на инвестиција: 300.000,00 денари | Септември 2023 година |
| **8.2.** | **Набавка и поставување на желатини (прозирни траки) на вратите**<br><br>Вредност нас инвестицијата: 60.000,00 денари | Септември 2022 година |
| **8.3.** | **Редовна контрола на филтрите на оџаците А1 и А2**<br><br>Вредност на инвестицијата: / | Континуирано |
| **8.4.** | **Зазеленување на локацијата**<br><br>Вредност нас инвестицијата: 50.000,00 денари | Континуирано |
| **8.5.** | **Прскање на просторот за складирање на глината и песокот, како и дворната површина на инсталацијата**<br><br>Вредност на инвестиција: / | Континуирано |
| **8.6.** | **Обновување на договорите склучени со овластени постапувачи со отпад**<br><br>Вредност на инвестиција: / | Континуирано |
| **8.7.** | **Обновување на дозволи за експлоатација на минерални суровини - глина**<br><br>Вредност на инвестиција: / | Континуирано |

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1. Кога својството (или како што е друго договорено написмено) се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

**а.** Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола; и

**б.** Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање на отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.1.2. Секоја промена предложена според условот **9.1.1** и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датумот на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на:

- Материјална промена или зголемување на:
  - Природата или количината на која било емисија
  - Системите за намалување/третман или преработка
  - Опсег на процесите што се изведуваат
  - Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад
- Било каква промена на:
  - Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на негативен ефект врз животната средина;
  - Било каква промена која може да има влијание врз животната средина
  - Било каква промена на превземачот.

ќе се изведуваат или ќе започнат со претходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние кои што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласност со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

***Дел А***

☐Име на операторот.
☐Број на дозвола.
☐Локација на инсталацијата.
☐Датум на доставување на податоците.
☐Време, датум и локација на емисијата.
☐Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:

☐Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисијата, и времето кога се случила емисијата;
☐Медиум на животната средина на која што се однесува емисијата;
☐Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

***Дел Б***

☐Други попрецизни податоци за предметот известен во делот А.
☐Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување наистиот проблем.
☐Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултата на емисијата.
☐Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци

☐Име ☐Пошта....................................................
☐Потпис ☐Датум
☐Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторинг

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Јаглерод моноксид (CO) | **А2 – Оџак бр.17**<br>N ( 42°11`31,1``) E (22°18`27,0``) | Еднаш годишно | 14 дена од денот на извршениот мониторинг |
| Азотни оксиди ($NO_x$) изразени како $NO_2$ | **А2 – Оџак бр.17**<br>N ( 42°11`31,1``) E (22°18`27,0``) | Еднаш годишно | 14 дена од денот на извршениот мониторинг |
| Чаден број | **А2 – Оџак бр.17**<br>N ( 42°11`31,1``) E (22°18`27,0``) | Еднаш годишно | 14 дена од денот на извршениот мониторинг |
| Вкупна прашина во отпадниот гас или пареа | **А1 – Оџак бр.29**<br>N (42°11`30,4``) E (22°18`26,1``)<br>**А2 – Оџак бр.17**<br>N ( 42°11`31,1``) E (22°18`27,0``) | Еднаш годишно | 14 дена од денот на извршениот мониторинг |
| Фугитивни емисии – вкупна прашина | **АА1**<br>N (42°11`29,6``) E (22°18`26,1``) | Еднаш годишно (при суво време) | 14 дена од денот на извршениот мониторинг |
| Бучава | **НБ1**<br>N (42°11`30,3``) E (22°18`28,7``)<br>**НБ2**<br>N (42°11`31,4``) E (22°18`28,0``)<br>**НБ3**<br>N (42°11`29,6``) E (22°18`26,1``)<br>**НБ4**<br>N (42°11`28,9``) E (22°18`28,3``)<br>**НБ5**<br>N (42°11`29,2``) E (22°18`26,5``)<br>**НБ6**<br>N (42°11`28,9``) E (22°18`27,4``)<br>**НБ7**<br>N (42°11`30,7``) E (22°18`28,9``) | Еднаш годишно | 14 дена од денот на извршениот мониторинг |